Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 114, 2 декември 2013 година

декември 2013 година
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област комуникации во туризмот на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област клиничка медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 10

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по Пракса во хотелско-угостителски објекти“ од д-р Нако Ташков, д-р Никола В. Димитров и д-р Дејан Методијески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 21

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по Хотелиерство“ од д-р Нако Ташков и д-р Дејан Методијески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 23

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија - одбрани теми“ за студентите по стоматологија од насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 25

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија со нега“ за студентите на Високата здравствена школа, тригодишни студии за физиотерапевти, од насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 29

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата „Вовед во фармација“ од доц. д-р Бистра Ангеловска, асс. м-р Верица Ивановска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта со наслов „Ревизија (теоретски и практични аспекти)“ од доцент д-р Јанка Димитрова, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата со наслов „Осврт кон меѓународните стандарди за финансиско известување“ од доц. д-р Александар Костадиновски и доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 42

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата со наслов „Финансиска либерализација и финансиска стабилност” од доц. д-р Весна Георгиева-Свртинов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 46

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Современи тенденции на јавното здравство” од проф. д-р Круме Николоски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 49

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Архитектура на компјутери“ од авторите д-р Игор Стојановиќ и асс. м-р Тодор Чекеровски, Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 53

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Автоматизација и процеси“ од доц. д-р Роман Голубовски, Електротехнички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно–научниот совет на единицата ..... 57

**ПРИГОВОР** поднесен од д-р Маргарита Матлиевска бр. 1707-349/1 од 15.11.2013 и 1707-349/2 од 20.11.2013 година ..... 58

**ОДГОВОР** по Приговор поднесен од д-р Маргарита Матлиевска бр. 1707-349/1 од 15.11.2013 и 1707-349/2 од 20.11.2013 година ..... 66

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ХОТЕЛИЕРСТВО“ ОД Д-Р НАКО ТАШКОВ И Д-Р ДЕЈАН МЕТОДИЈЕСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Со Одлука бр. 2602-437/12 од 5.6.2013 год., Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на својата редовна седница одржана на 5.6.2013 год. ги избра рецензентите:

- д-р Билјана Петревска – доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и
- д-р Марија Ацковска – вон. проф. на Економскиот институт – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,

со задача да изготват и достават писмен извештај (рецензија) на ракописот **„ПРАКТИКУМ ПО ХОТЕЛИЕРСТВО“** од авторите проф. д-р Нако Ташков и доц. д-р Дејан Методијески.

По прегледот на приложениот ракопис, Комисијата го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

„Практикум по Хотелиерство“ е учебно помагало по предметот Хотелиерство, што се изучува на Факултетот за туризам и бизнис логистика –при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, во втор семестар на додипломските студии.

„Практикум по Хотелиерство“ е напишан на македонски јазик, нормален проред, фонт Arial со македонска поддршка, големина на буквите 12, содржи 5 табели, 3 слики и има вкупно 55 страници. Предложениот обем по содржина ги задоволува критериумите според предвидениот број часови. Практикумот по хотелиерство е наменет за потребите на студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика за изготвување на вежбите и подготвување на испитот по предметот Хотелиерство, кој се изучува на следните насоки:

- Туризам во втор семестар - прва година, со фонт на часови 3+2+2 и носи 8 кредити, задолжителен предмет;
- Хотелско-ресторанска во втор семестар - прва година, со фонт на часови 2+2+1 и носи 6 кредити, задолжителен предмет;
- Гастрономија, исхрана и диететика во втор семестар - прва година, со фонт на часови 3+2+2 и носи 8 кредити, задолжителен предмет.

Основната цел на Практикумот е да им помогне на студентите во совладувањето на материјата поврзана со хотелското работење преку вежби. Притоа, нивото и стилот на обработка на материјата поврзана со вежбите се приспособени кон знаењата и потребите на студентите од додипломските студии.

Практикумот методолошки е структуриран во дванаесет вежби кои ги покриваат најзначајните теми од скриптата што се изучува според предметната програма.

Првата вежба е наменета за добивање на основни информации за регионалната распространетост и количеството на хотелски соби според бројот на население во Република Македонија. Студентите треба да направат табеларна пресметка, споредба и коментар на добиените резултати.

Втората вежба е посветена на камповите во Република Македонија. Пред почетокот на летната сезона студентите се поставени за менаџери во кампот Градиште. Треба да образложат по каков начин ќе ја збогатат понудата и престојот во кампот, кои дополнителни услуги ќе им ги предложат на туристите и какви чекори ќе преземат.

Во третата вежба студентите му помагаат на менаџерскиот тим на португалски хотелски синџир во дизајнирање на опис на работни задачи за новиот туристички комплекс за позициите генерален менаџер, менаџер на рецепција, шеф на техничка служба и директор за храна и пијалаци.

Во четвртата вежба студентите се вработени во хотел во Одделот за анимации. Во хотелот пристигнува група од 90 туристи од Англија за седумдневен престој. Групата е мешана, има и деца и возрасни и пензионери. Студентите треба да состават програма за анимација во хотелот, во која на туристите најдобро ќе им се претстават традицијата, обичаите, фолклорот и кујната на нашата земја.

Во петтата вежба тројца студенти, како дел од домашната работа се приготвуваат за интервју за работна позиција рецепционер во Хотелот „Александар Палас". Студентите треба претходно да ги пронајдат сите информации поврзани со хотелот, да изработат своја кратка биографија и да дојдат на интервју. Останатите студенти прават оценка на интервјуираните.

Во шестата вежба студентите се поставени на позиција менаџер на рецепција во голем хотел и треба да направат проекција за бројот на соби за кои треба да има дуплирање на резервација, за да биде постигната 100% искористеност на капацитетот.

Седмата вежба го опфаќа процесот на примање на поплаки од страна на гостите, каде студентите даваат свое мислење и препорака како би реагирале во одредено сценарио поврзано со престојот и поплаките на гостите.

Во осмата вежба студентите образложуваат какви артикли би имало во хотелскиот мини бар (како дополнителна услуга во хотелиерството), доколку тие го прават изборот.

Деветтата вежба е поврзана со социјално-психолошките аспекти во хотелското работење. Студентите се поставени во улога на вработени во хотел и поставени во различни ситуации каде што треба да ги анализираат гостите.

Во десеттата вежба студентите треба да состават пакет од туристички услуги *ол инклузив* за Хотелот „Инекс Горица" во Охрид. Преку вежбите се дава објаснување каде би бил понуден овој пакет и што би било вклучено во него.

Во единаесеттата вежба студентите организираат крстарење со брод по Охридското Езеро и предлагаат своја рута и пакет услуги што ќе им бидат понудени на гостите.

Во дванаесеттата вежба студентите се запознаваат со Правилникот за категоризација и измените што се направени во овој Правилник. Студентите прават коментар на овој Правилник и го искажуваат своето размислување поврзано со промените.

Ракописот е напишан на јазик разбирлив за студентите, во согласност со студиската програма Хотелиерство на Факултетот за туризам и бизнис логистика и како таков е соодветен да се користи како учебно помагало (практикум) по предметот Хотелиерство.

## З А К Л У Ч О К

Со оглед на изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип со задоволство **му предлагаме ракописот „Практикум по Хотелиерство" од авторите проф. д-р Нако Ташков и доц. д-р Дејан Методијески да биде издаден во електронска форма како практикум** за потребите на студентите од втор семестар студии на насоката Туризам, насоката Гастрономија, исхрана и диететика и Хотелско-ресторанска насока.

**Скопје, октомври 2013 г.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Билјана Петревска, с.р.**
**Проф. д-р Марија Ацковска, с.р.**